Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи помеѓу заедниците.

На седницата присуствуваа: м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани заменик на министерот за одбрана, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Дрита Абдиу – Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Елена Трпковска, ангажирана по проект од Светска банка во Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Пред преминување на Дневен ред

Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за област „Реформа на јавна администрација“ од Кластер 1 Фундаментални вредности на 6 декември 2022 година во Брисел, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 1 и 2 декември 2022 година

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 32-Финансиска контрола од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 6 декември 2022 година, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Област Економски критериуми, кој ќе се одржи на 5 декември 2022 година, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Функционирање на демократски институции од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 7 декември 2022 година, со прилози

1. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија бр.08-4043/1 од 30.9.2022 година на Собрание на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука

2. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од

30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година), со Предлог-одлука

3. Програма за соработка помеѓу Црвен крст на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија за обезбедување стокови резерви за делување при итни состојби

4. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-1774/1 од 30.12.2019 година, со Анекс договор

5. Барање согласност за набавка на медицински и канцелариски мебел како неопходна потреба за пуштање во употреба на ново изграден објект од здравствениот сектор

6. Предлог-решение за назначување на претседавач, членови и заменици на членовите на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија

7. Предлог на закон за задругите

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи (*)

9. Информација за потребата од склучување на Договор за грант со Светска банка за Проектот за модернизација на земјоделството, со усогласен текст на Договор

10. Информација во врска со воспоставување на систем за контрола и следење на тутунски производи-Track&Trace

11. Информација за доставено Барање бр.11-8802/6 од 16.9.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски

12. „Информација за затварање на Договорот за градежни работи „Изградба на Коридор 10-автопатска делница Демир Капија – Смоквица“

13. Информација за задолжување на Општина Штип преку издавање на хартии од вредност на домашниот финансиски пазар, со Предлог -одлука

14. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово, со Предлог – одлука

15. Информација за статусот на спроведување на ИПА проектот „Техничка ревизија на постојните системи за собирање и пречистување на отпадни води во Северна Македонија и подготовка на потребната документација за снабдување со опрема за вода за општините Радовиш, Кичево, Струмица, Прилеп, Берово, Куманово, Битола и Тетово“

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за селата Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино –вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Добрево, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука

19. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан

20. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот помеѓу Страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила

21.Предлог на закон за ратификација на Протоколот 16 кон Европската конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи

22.Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, 2019 (C 190)

23. Информација за потребата од преземање на конкретни активности за ефикасно функционирање на Електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката за рамномерен регионален развој (sirera.mk системот)

24.Информација за состојбата и предлог-решенија за формирање на податоци за стаж и основици на осигурување (М4 обрасци) кои недостасуваат во евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

25.Информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објектот на Домот за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола

26.Информација за измена на динамиката на плаќање согласно спроведената постапка за јавна набавка на транспорт и монтажа на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за опремување на објект четврто и петто машко одделение во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје–Бардовци објавена со оглас бр.17642/2022

27. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Британскиот совет од Лондон – Обединето

Кралство Велика Британија и Северна Ирска Подружница во Република Северна Македонија – Скопје.

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, по итна постапка, поднесен од група пратеници

29. Иницијатива од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на Спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20)

30. Иницијатива од Сузана Цветкова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.90/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19) и член 1 став 1 точка 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20)

31. Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, доставена под бр. 07-1760/3 од 10 октомври 2022 година

32. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр. 1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“

33. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 16 ноември 2022 година, доставено под И.бр.626/2012, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 109221 за КО Центар 1

34. Кадровски прашања

35. Прашања и предлози

36. Информација за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за изградба на Автопат А2, делница Кичево – Охрид, со Предлог-одлука

37. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, по скратена постапка

38. Предлог-одлука за воведување на визен режим за државјаните на Република Боцвана

39. Информација за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“

40. Информација за Концептот на реформи на даночната политика, со прилог

41. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

42. Барање за пренесување на право на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука

43. Предлог-одлука за воведување  на визен режим за државјаните на Република Куба

44. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци" и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков", Општина Куманово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци" и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков", Општина Куманово

45. Информација во врска со потребата од потпишување Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и властите во Република Северна Македонија

46. Предлог на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, по скратена постапка

47. Информација со Барање за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје бр.41-7323/3 од 6.9.2022 година „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.197/22, со Предлог – одлука

*

*     *

Пред преминување на Дневен ред:

Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за област „Реформа на јавна администрација" од Кластер  1 Фундаментални вредности на 6 декември 2022 година во Брисел, со Прилози

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за област „Реформа на јавна администрација" од Кластер 1-Фундаментални вредности на 6 декември 2022 година во Брисел, со Прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за областа „Реформа на јавната администрација" при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 1 и 2 декември 2022 година**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 1 и 2 декември 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжува Работната група за Поглавје 23 правосудство и фундаментални права при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

2.Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

3.Се задолжува Министерството за финансии да достави став по однос на обврската за зголемување на буџетот на правосудство согласно Законот за судски буџет до Министерство за правда и Секретаријат за европски прашања, најдоцна до 29 ноември 2022 година.

**-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 32-Финансиска контрола од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 6 декември 2022 година, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 32-Финансиска контрола од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 6 декември 2022 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 32-Финансиска контрола.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 32-Финансиска контрола при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Област Економски критериуми, кој ќе се одржи на 5 декември 2022 година, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер Фундаментални вредности Област Економски критериуми, кој ќе се одржи на 5 декември 2022 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг за Област Економски критериуми.

2. Се задолжува Работната група за областа Економски критериуми при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 2 декември 2022 година да побара мислење од Комисијата за заштита на конкуренција за донесената Одлука со која се наметнува обврска на ЕСМ Продажба ДООЕЛ за вршење на регулирано производство на топлинска енергија.

**-Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Функционирање на демократски институции од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 7 декември 2022 година, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Функционирање на демократски институции од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој ќе се одржи на 7 декември 2022 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Работната група за Функционирање на демократски институции при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања како носител на делот Функционирање на демократски институции веднаш да подготви листа на учесници за билатералниот скрининг за делот Функционирање на демократски институции, кои ќе присуствуваат и презентираат темите согласно нивниот делокруг на работа.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија бр.08-4043/1 од 30.9.2022 година на Собрание на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија.

**Точка 2**

Владата ја разгеда Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со топлинска енергија.

**Точка 3**

Владата, ја разгледа Програмата за соработка помеѓу Црвен крст на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија за обезбедување стокови резерви за делување при итни состојби и по истата го задолжи Министерството за финансии да подготви и на наредната седница на Владата да достави соодветен предлог за исплата на средства во износ од 15 000 000, 00 денари на Црвен крст на Северна Македонија, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-1774/1 од 30.12.2019 година, со Анекс договор, за наредна седница на Владата со заклучок материјалот да се разгледа во присуство на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 5**

Владата заклучи Барањето согласност за набавка на медицински и канцелариски мебел како неопходна потреба за пуштање во употреба на ново изграден објект од здраствениот сектор да се разгледа на наредна редовна седница на Владата.

**Точка 6**

Владата го донесе Решението за назначување на претседавач, членови и заменици на членовите на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата заклучи Предлогот на закон за задругите да се разгледа на наредната редовна седница на Владата.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи(*) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешн и работи, Министерството за финансии-Царинска управа, Секретаријатот за европски прашања и Агенцијата за заштита на личните податоци да достават мислење по Предлогот на закон.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант со Светска банка за Проектот за модернизација на земјоделството, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународно здружение за развој, за Проектот за модернизација на земјоделството.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да го потпише Договорот за грант помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународно здружение за развој, за Проектот за модернизација на земјоделството.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со воспоставување на систем за контрола и следење на тутунски производи-Track&Trace за наредна седница на Владата, поради потребата, Министерството за финансии-Царинска управа и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да одржат работен состанок, со цел да се преработи текстот на Информацијата и предложените заклучоци, во насока во системот за воспоставување на контрола и следење на тутунски производи да бидат имплементирани и нафтените деривати и алкохолните пијалоци.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-8802/6 од 16.9.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21 јули 2022 година по Договорот за обезбедување на државна гаранција бр.14-10753/2 од 24 јуни 2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат-делница Миладиновци-Штип“ склучен помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавно претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од три години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1 октомври

2025 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на денот на склучување на договорот.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за затварање на Договорот за градежни работи „Изградба на Коридор 10-автопатска делница Демир Капија – Смоквица“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии во својство на работодавач да го прифати предлогот за спогодбено решавање, порамнување и затварање на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, а во соработка со Надзорниот орган да ги преземат потребните активности за затварање на Договорот за градежни работи за проектот „Изградба на Коридор 10-автопатска делница Демир Капија-Смоквица“, според сценариото врз основа на кое Договорот би се порамнил и затворил без никаква обврска на работодавачот кон изведувачот и на изведувачот кон работодавачот.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта да побара од надзорниот орган да достави допис-известување на страните за постигнатиот договор за затварање на договорот за градба, да издаде потврда за успешност (Performance Certificate) и да биде достапен во текот на спроведување на постапката за технички прием и пуштање во употреба на автопатот.

4. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 56 дена по издавање на сертификатот за успешност, преку надзорниот орган да побара од изведувачот да поднесе завршна изјава, согласно SC 14.11 (Барање за потврда за финална исплата /Application for Final Payment Certificate), согласно согласно постигнатиот договор, со која изведувачот ќе издаде соодветното ослободување во согласност со одредбата 14.12 од Општите услови на договорот (Ослободување/Discharge) и ќе се потврди дека вкупниот износ на завршната изјава претставува целосно и конечно подмирување на сите средства што работодавачот му ги должи на изведувачот кои призлегуваат од или се поврзани со Договорот.

5. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 28 дена по добивањето на конечната изјава и писменото ослободување да побара од Надзорниот орган да издаде кон работодавачот, потврда за конечна исплата (Final Payment Certificate), во кој ќе биде наведено дека работодавачот не должи пари кон изведувачот и според сите претходно уплатени пари, конечниот биланс е нула, со што Договорот за градба ќе се смета за официјално затворен.

6. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја преземе обврската за отстранување на дефектите пријавени во рамки на проектот „Изградба на Коридор 10-автопатската делница Демир Капија-Смоквица“ нотирани во периодот

на пријавување на дефекти преку обезбедување на финансиски средства во рамки на сопствениот буџет во Годишната програма за 2023 година, согласно Нацрт записникот од 40-тата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година.

7. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта по затварање на Договорот за градба, да пристапи кон активности за затворање на Договорот за надзор.

**Точка 13**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за задолжување на Општина Штип преку издавање на хартии од вредност на домашниот финансиски пазар, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителна анализа во врска со можноста за задолжување на општините преку издавање на хартии од вредност на домашниот финансиски пазар.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-кајанит на локалитетот „Кашка“, Општина Лозово.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на ИПА проектот „Техничка ревизија на постојните системи за собирање и пречистување на отпадни води во Северна Македонија и подготовка на потребната документација за снабдување со опрема за вода за општините Радовиш, Кичево, Струмица, Прилеп, Берово, Куманово, Битола и Тетово“ и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, по потреба да ја информира Владата за статусот на спроведување на Проектот.

**Точка 16**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за селата Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино –вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Добрево, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереник Трајан Димковски, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот помеѓу Страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот 16 кон Европската конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Пајо Авировиќ, директор во Министерството за надворешни работи, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, 2019 (С 190), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 23**

Владата заклучи Информацијата за потребата од преземање на конкретни активности за ефикасно функционирање на Електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката за рамномерен регионален развој (sirera.mk системот) да се разгледа на наредната редовна седница на Владата.

**Точка 24**

Владата заклучи Информацијата за состојбата и предлог-решенија за формирање на податоци за стаж и основици на осигурување (М4 обрасци) кои недостасуваат во евиденцијата на  Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, да се разгледа на наредната редовна седница на Владата, откако истата претходно ќе се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објектот на Домот за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за труд и социјална политика врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објектот на Домот за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години и тоа:

- 1.000.000,00 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481 за 2022 година, со вклучен ДДВ,

- 9.273.344,81 денари на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481 за 2023 година, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објектот на Домот за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамиката на плаќање согласно спроведената постапка за јавна набавка на транспорт и монтажа на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за опремување на објект четврто и петто машко одделение во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Бардовци објавена со оглас бр.17642/2022 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го прифати преземањето на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во буџетска година за 2023 на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 11.720.000 денари, без ДДВ и тоа за спроведена набавка на стоки-немедицинска опрема, објавена со оглас бр. 17642/2022 со следната динамика на плаќање:

- 5.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, за 2022 година и
- 6.720.000,00 денари, без вклучен ДДВ, за 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии потребните средства во износ од 6.720.000,00 денари да ги има предвид при подготвувањето на Дополнет предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година, во буџетот на Министерството за здравство за 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Британскиот совет од Лондон – Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска Подружница во Република Северна Македонија – Скопје.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење

Законот за енергетика (*) меѓу другите ја транспонира и Директивата 2009/72/ЕС за заедничките правила за внатрешен пазар на електрична енергија, па во Законот за енергетика дефиницијата на „мал потрошувач“ е преземена од предметната Директива.

Поради тоа, Владата на Република Северна Македонија смета дека предложените измени од група пратеници би го нарушиле степенот на усогласеност со европското законодавство.

Се укажува дека со оглед на настанатата кризна состојба со пазарите на електрична енергија во светски размери и кај нас се поддржува идејата за разрешување на прашањата поврзани со високите цени на електричната енергија за потрошувачите кои се на слободниот пазар.

Во исто време се напоменува дека Законот за енергетика беше предмет на усогласување со европското законодавство, па оттаму предложената измена ќе направи дисторзија на подзаконските акти, како што се Тарифниот систем за дистрибуција и Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај, донесени во согласност со Законот за енергетика од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, што пак ќе влијае негативно на цената на домаќинствата.

Во исто време, се укажува дека Владата веќе донесе сет на мерки со кои се дозволи во времетраење на кризната состојба одделни потрошувачи и тоа: домашните производители на зејтин, на млечни производи и преработувачи на млеко, производители на брашно (мелничари), производители на леб (пекари), производители на сувомеснати производи и одгледувачи на домашни животни да можат да се снабдуваат од ЕСМ Продажба ДООЕЛ по цена од 80 евра за мегаватчас.

Ваквото решение е многу поповолно за овие потрошувачи, бидејќи како мали потрошувачи согласно Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач би имале просечна цена од околу 200 евра за мегават час, со што целта за заштита на животниот стандард на граѓаните не би била постигната.

## Точка 29

Владата заклучи Иницијативата од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на Спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20) да се разгледа на наредната редовна седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 30

Владата ја разгледа Иницијативата од Сузана Цветкова доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.90/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019)

и член 1 став 1 точка 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/2020) и притоа го утврди следното мислење

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19) и член 1 став 1 точка 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20), од причина што подносителот на истата смета дека со овие одредби е повреден член 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата, како причини за оспорување навел дека член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита е во спротивност со членовите 194 и 197 од овој закон, како и со член 7 точка 4 потточки 2, 3 и 4 од Законот за работните односи.

Се посочува дека правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со Закон и со колективен договор и член 35, според кој Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21 и 99/22), во членот 2 ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со членот 6 е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и дека го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање.

Во системот на социјалната заштита, центрите за социјална работа се основани од Владата на Република Северна Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на јавните установи за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/13 и 198/15). Согласно член 113 од Законот за социјалната заштита, центарот за социјална работа се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита. Центарот за социјална работа може да се основа ако се исполнети условите за основање на установа за социјална заштита од членот 171 од овој закон и ако ги има следниве образовни профили: социјален работник, психолог, педагог и правник, кои треба да имаат лиценца за работа согласно со овој закон.

Со членот 114 од овој закон, се утврдени работите од стварната надлежност на центарот за социјална работа и тоа:
- решава за правата од социјална заштита, утврдени со овој закон,

- решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата,
- решава за парична помош на лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за меѓународна и привремена заштита,
- решава за работите утврдени со прописите за семејно-правните односи,
- решава за правото утврдено со Законот за социјална сигурност за старите лица,
- постапува по работите од својата дејност утврдени со прописите од кривичното право и
- врши и други работи утврдени со закон.

Согласно член 115 од Законот, е пропишано дека при спроведувањето на социјалната заштита како и стручната работа, центарот за социјална работа:
- врши информирање и упатување на граѓани во однос на остварување пристап до права од социјална заштита,
- спроведува стручна помош и поддршка на поединец и семејство за надминување на социјални проблеми,
- реализира мерки и активности на социјална превенција и советување на поединец и семејство заради спречување и ублажување на последици од социјални проблеми,
- врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба во домаќинството и потребите на членовите на домаќинството од социјална заштита,
- презема интервенции за зачувување на семејство во криза од дезинтеграција заради спречување на одвојување на децата од биолошкото семејство и интервенции за создавање услови за враќање на децата во биолошкото семејство,
- обезбедува пристап до услуги во домот, заедницата и вон семејството,
- развива и спроведува услуги во домот и заедницата,
- изготвува планови и програми за социјална заштита,
- води евиденција и прибира документација за корисниците на социјалната заштита, заштитата на децата и семејно-правната заштита и за применетите облици на социјална заштита,
- поднесува извештај до Министерството за труд и осцијална политика согласно со закон,
- применува и спроведува програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје,
- учествува во работата на советите за социјална заштита на општините, Градот Скопје, општините во Градот Скопје и подготовката на социјалниот план на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје,
- учествува во работата на Советот за социјална заштита на планскиот регион,
- поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, здруженија, фондации и хуманитарни организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и
– врши и други работи утврдени со закон.

Со член 194 од Законот, се утврдени кадрите, кои можат да се вработат во сите установи за социјана заштита, во зависност од видот на работата која ја врши установата. Со ставот 2 од овој член е утврдено дека стручните работници со високо образование можат да вршат стручна работа во установа за социјална заштита, доколку имаат лиценца за работа, согласно со овој закон.

Во член 197 во ставот 1 од Законот за социјалната заштита е утврдено дека вработените во јавните установи за социјална заштита кои вршат работи од дејноста социјална заштита имаат статус на даватели на јавни услуги во дејноста социјална заштита и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Согласно со цитираните одредби од Законот за социјалната заштита, со член 236 се врши прецизирање на стручните лица даватели на јавни услуги, вработени во јавни и приватни установи за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги, кои треба да поседуваат лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита. Со ставот 2 алинеја 1 од истиот член е прецизирано дека со општа лиценца за вршење стручна работа во центарот за социјална работа се стекнуваат вработени со звање социјален работник, правник, педагог, психолог, дефектолог и логопед.

Во член 240 став 1 во алинејата 1 од Законот е предвидено дека стручниот работник полага стручен испит за стекнување со лиценца за работа, во зависност од работните задачи кои ги врши и тоа општ стручен испит за стручни работници за вршење на стручна работа во центарот за социјална работа. Стручниот испит се полага според програмата во која се содржани материјалите за подготовка на испитот и начинот на полагање на испитот, која ја донесува Заводот за социјални дејности на предлог на Комисијата за лиценцирање.

Врз основа на изнесените аргументи, се наведува дека цитираните одредби од Законот за социјалната заштита прават една правна целина, истите се однесуваат на иста правна работа и овозможуваат вршење на стручна работа во центар за социјална работа од страна на стручните лица, даватели на јавни услуги.

Вршењето на стручната работа во центар за социјална работа е препознаено и во други прописи, со кои се утврдени надлежности на овие јавни установи.

Имено, во член 14 од Законот за семејството е предвидено дека работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, семејното насилство, дел од работите сврзани со посвојување, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарната тимска работа.

Во Законот за правда за децата, во членот 25 во ставот 2, е предвидено дека разговорот со детето го води претставник на стручен или стручен тим составен од педагог, социјален работник, психолог и дипломиран правник, во посебни простории.

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во членот 60 е предвидено дека во постапката за изрекување на привремени мерки за заштита, центарот за социјална работа доставува наод и мислење на стручен тим во кој дава предлог за изрекување на привремена мерка/ки во зависност од утврдените потреби за заштита на жртвата.

По однос на наводите во Иницијативата, дека член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита е во спорливност со член 7 точка 4 потточки 2, 3 и 4 од Законот за работните односи, се наведува дека истите се неосновани со оглед дека со оваа одредба не се врши дискриминација во напредувањето во работата, пристапот до сите видови и степени на стручно оспособување, преквалификација и доквалификација, како и при утврдување на условите за работење и работа и сите права од работен однос и во врска со работниот однос, вклучувајќи и еднаквост на плати. Ова од причина што со членот 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита се уредува стекнување со лиценца за вршење на стручна работа во дејноста социјална работа, за вработени лица во центар за социјална работа.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, Владата смета дека со член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита не се нарушуваат темелните

вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, од причина што со оваа одредба се уредува вршењето на стручна работа во центар за социјална работа од страна на стручните лица со потребен профил на образование, како даватели на јавни услуги.

По однос на поднесената Иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на член 1 став 1 точка 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20), се истакнува дека во Иницијативата погрешно е наведен правниот акт кој се оспорува со оглед дека оваа материја е уредена со Правилник за начинот за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници, формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20).

Воедно, се истакнува дека во член 1 од цитираниот правилник, точка 1, според која меѓудругото, поблиску се пропишува начинот за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници, формата и содржината на образецот на лиценцата за работа и тоа – општа лиценца за вршење социјална, правна, педагошка, психолошка и дефектолошка стручна работа во центар за социјална работа, во целост е усогласена со член 236 од Законот за социјалната заштита.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), не е во несогласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 236 став 2 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), а во делот за поведување на Иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на член 1 став 1 точка 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/20), Иницијативата да се отфрли.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Американскиот универзитет на Европа-ФОН, доставена под бр. 07-1760/3 од 10 октомври 2022 година и даде позитивно Мислење по истата.

**Точка 32**

Владата заклучи Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр. 1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“, да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 33**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 16 ноември 2022 година, доставено под И.бр.626/2012, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 109221 за КО Центар 1, поради изминат рок на одржување на првата продажба со усно јавно наддавање.

## Точка 34

Владата:

1. Го разреши Блерим Укали, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерство за економија.

1.1 Го именува Блерим Укали за директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Го разреши Фикри Алити, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2.1 Го именува Фикри Алити за директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Ја разреши Весна Томовска, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика.

3.1 Ја именува Весна Томовска за директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Го разреши Африм Ќоку, од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

4.1 Го именува Африм Ќоку за директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Ја разреши Јасминка Ангелова, од должноста член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа.

5.1 Ја назначи Снежана Стојковска – Министерство за внатрешни работи за член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на вработените во органите на државната управа.

6. Ја разреши Елизабета Наумовска, од должноста директор на Државниот испитен центар.

6.1 Ја именува Благица Павловска за вршител на должност директор на Државниот испитен центар.

7. Го разреши Ирфан Емини, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје, поради истек на мандатот.

7.1 Го именува Ирфан Емини за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија-Скопје.

**Точка 35**

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за одбрана за изменување на Заклучокот бр.2, донесен по точка 45, „Информација за потребата од утврдување на текстот на Меморандум за разбирање и Технички договори за сервисна поддршка и овластување на државниот секретар на Министерството за одбрана за потпишување на Меморандум за разбирање, Технички договори за сервисна поддршка и Пакети за сервисна поддршка меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување“, на Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2020 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

-„Го овласти, државниот секретар во Министерството за одбрана да ги потпише Меморандумот за разбирање, Техничките договори за сервисна поддршка (Service Support Technical Arrangements), Пакети за сервисна поддршка (Service Support Packages) за разбирање меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување“.

**2.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Декември-„Свети Климент Охридски“ ги донесе следните заклучоци:

1) Владата ја презема организацијата на одбележување на државниот празник 8 Декември-„Свети Климент Охридски“, за 2022 година, со протоколарен настан-положување на цвеќе на споменикот на „Свети Климент Охридски“, пред НУБ „Свети Климент Охридски“, на 8 декември 2022 година, со почеток во 11:00 часот.

По тој повод се формира делегација за одбележување на државниот празник 8 Декември-„Свети Климент Охридски“, во состав:

- Филип Николоски, заменик на министерот за финансии;
- д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и
- д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку Одделението за протокол да ја извести владината делегација и дипломатскиот кор за деталите за положување цвеќе, да испрати покани и да спроведе организациски подготовки за протоколарните делови од настанот, вклучувајќи положување на цвеќе и соодветна опрема за положување цвеќе.

3) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи и да обезбеди опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвена стаза).

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за владината делегација и за делегацијата на Сојузот на борци за свеченото положување на цвеќе.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за лицата од Секторот за односи со јавност, Одделението за протокол и за делегацијата од Сојузот на борци.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за безбедно одбележување на празникот.

7) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот (покана до медиуми, пакет за испорака до медиуми).

**Точка 36**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за изградба на Автопат А2, делница Кичево – Охрид, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 1 декември 2022 година (четврток), поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство и да достави соодветен предлог за надминување на ова прашање.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за поседување на виза за преминување на границата на Република Северна Македонија за државјаните на Република Боцвана и ја донесе Одлуката за воведување на визен режим за државјаните на Република Боцвана, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување

на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и притоа заклучи:

1.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го продолжи договорот за модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС).

2.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, на тематската седница, која што ќе се одржи на 13 декември 2022 година (вторник), да направи презентација во (power point), во врска со „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“.

Исто така, на оваа седница да се разгледа и Информацијата во врска со проектот ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација” за министерскиот систем за информатичко општество и администрација.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за Концептот на реформи на даночната политика, со прилог и заклучи Информацијата да се доработи согласно расправата на седницата на Владата и истата повторно да се разгледа на седницата што ќе се одржи на 1 декември 2022 година (четврток).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата го разгледа Барањето за пренесување на право на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука и заклучи Општина Струмица, во соработка со Секретаријатот за законодавство и други надлежни институции, да подготви и за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 1.12.2022 година (четврток), да достави соодветен акт со кој на ЈОУДГ „Детска радост“-Струмица ќе престане правото на користење на предметните недвижни ствари, со цел продолжување на постапката за пренесување на правото на сопственост на недвижните ствари во сопственост на Општина Струмица.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за поседување на виза за преминување на границата на Република Северна Македонија за државјаните на Република Куба и ја донесе Одлуката за воведување на визен режим за државјаните на Република Куба, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ

„Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност на Министерството за образование и наука за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години од потпрограма ТБ, сметка 637 за јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово, со плаќање по времени ситуации во период од 4 месеци со следнава динамика:

- за реконструкција 370.450,00 денари со ДДВ во 2022 година, а 15.000.000,00 денари со ДДВ во 2023 година и
- за надзор 84.260,00 денари со ДДВ во 2022 година, а 300.000,00 денари со ДДВ во 2023 година

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Браќа Миладиновци“ и во ООУ „Крсте Петков-Мисирков“, Општина Куманово.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од потпишување Аранжман за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и властите во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати, усогласениот текст на Аранжманот за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и властите во Република Северна Македонија

2. Се овластува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, да го потпише Аранжманот за спроведување на Заеднички акциски план за борба против тероризам во Западен Балкан помеѓу Европската комисија и властите во Република Северна Македонија.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена

Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата со Барање за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје бр.41-7323/3 од 6.9.2022 година „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.197/22, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**